ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1593/1
27-05-2025

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава Државната комисија за спречување на корупцијата на 18-тата седница, одржана на ден 21.05.2025 година донесе:

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-3535/1 од 08.04.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-3535/2 од 08.04.2022 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

*Образложение*

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет со број 08-3535/1 од 08.04.2022 година, врз основа на поднесена анонимна пријава со наводи дека лицето _______________ во законски предвидениот рок по изборот на функцијата директор на _______________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што сторил прекршок по член 82 ст.1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Во конкретниот случај, лицето _______________ било избрано на функцијата директор на _______________ на ден 12.10.2022 година и согласно со чл.82 ст 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имал законска обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 253/23), настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе, ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: К.Б, соработник
Контролирал: м-р Н.Т.М, Раководител на одделение
Согласен: К.З, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk